ЕСМ
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3-И-0740-101_01-1

АД ЕЛЕКТРАНИ НАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р.Северна Македонија

# Политика за енергетска ефикасност

Во рамките на државните политики за одржлив развој еден од главните столбови и двигатели на економскиот развој е енергетската ефикасност како долгорочна цел за рационално намалување на потрошувачката на енергија. Соодветно со тоа, АД ЕСМ-Скопје ја препозна потребата за подигнување на јавната свест и промена на односот кон одговорното користење на енергијата. Поради тоа, цел на АД ЕСМ-Скопје, како општествено- одговорна компанија, е да покаже лидерство во рационалното користење и менаџирање со енергетските ресурси, со што ќе биде пример за нашите корисници и деловни партнери. Во таа насока компанијата се обврзува да имплементира сеопфатни активности за енергетска ефикасност со целосно почитување на следните принципи:

- Посветеност за доследна примена на сите релевантни законски одредби, нормативи и правилници за енергетска ефикасност, како и законските одредби, нормативи и правилници за заштита на животната средина;
- Подобрување на ефикасноста на постојните технолошки процеси преку изнаоѓање и имплементирање нови и докажани енергетски ефикасни решенија;
- Постојано надгледување на енергетските карактеристики на постројките и вградената опрема, како и имплементирање иновативни, енергетски ефикасни решенија за подобрување на квалитетот;
- Континуирана грижа за енергетските карактеристики при набавка на нова опрема/услуга со барање за исполнување на највисока класа на енергетска ефикасност соодветно за секоја опрема/услуга;
- Рационално искористување на постојните енергетски ресурси со повеќекратно искористување на отпадната топлина/енергија;
- Воведување алтернативни обновливи извори на енергија секаде каде што е возможно и остварливо;
- Континуирано подигнување на свеста, поттикнување и едукација на сите вработени за одговорно користење и штедење на сите видови енергија;
- Промовирање иновативни мерки и начини за рационално користење на енергијата;
- Континуирано следење на сите параметри што го покажуваат енергетски ефикасното работење на компанијата, документирање, анализа и ревизија на податоците што го рефлектираат рационалното менаџирање со енергетските ресурси и нивна дистрибуција на сите нивоа во организацијата;
- Континуирано подигање на индивидуалната и колективната свест, но и одговорност при реализацијата на политиката за енергетска ефикасност на компанијата.

Имајќи го предвид горенаведеното, компанијата се обврзува да ги реализира и да ги имплементира сите краткорочни и долгорочни, технички докажани енергетско-ефикасни мерки. Со тоа, истовремено, АД ЕСМ-Скопје како општествено-одговорна компанија, ја потврдува и ја покажува грижата за рационално користење и управување со енергетските ресурси, како и грижата за животната средина.

м-р Лазо Узунчев
Генерален директор

тел.:+389 (0)2 31 49278, факс: +389 (0)2 31 49 176; www.esm.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk